Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 05/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/24), Градоначалникот на Град Скопје донесе:

**ПРАВИЛНИК**

**за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на настани, фестивали, манифестации, проекти и проектни активности од областа на локалниот економски развој**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на финансиски средства наменети за финансирање на:

- проекти за поддршка и развој на претприемништвото, иновациите и конкуретноста на малите и средни претпријатија на подрачјето на град Скопје
- проектни активности за поддршка на женско претприемништво на Град Скопје
- настани и манифестации од областа на занаетчиството и трговијата, од интерес на Град Скопје
- фестивали, настани и манифестации од областа на туризмот и угостителството,
- други проектни активности поврзани со надлежностите на Секторот.

**Член 2**

Финансиските средства се обезбедени од Буџетот на Град Скопје.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 3**

Согласно овој Правилник финансиските средства од Буџетот на Град Скопје можат да бидат доделени на здруженија на граѓани, фондации, федерации, установи, трговски друштва, агенции специјализирани за "Mistery shopping" и маркетинг агенции (во понатамошниот текст: правни лица), занаетчиска комора, надлежни институции, здруженија на граѓани и клубови регистрирани во Централен Регистер на Република Северна Македонија со седиште во Скопје, кои ги исполнуваат условите и критериумите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.

## III. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

Постапката за доделување на финансиски средства за спроведување на настани, манифестации, проекти или проектни активности од областите утврдени во членот 1 од овој Правилник ќе се спроведува за секој поединечен јавен повик што ќе го објавува Град Скопје.

**Член 5**

Јавните повици се објавуваат на веб - страната на Град Скопје (www.skopje.gov.mk).

Секој од поединечните јавни повици ќе трае 5 (пет) дена со денот на објавувањето.

**Член 6**

Рокот и местото за реализација на настаните, фестивалите, манифестациите, проектите и проектните активности, ќе бидат уредени во јавните повици.

## IV. НАЧИН, УСЛОВИ, КРИТЕРИУМИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА

**Член 7**

За учество на јавните повици,апликантите доставуваат Пријава (пополнета со печатни букви на кирилично писмо), потпишана и заверена со печат од претставникот на правното лице.

Пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на Град Скопје:www.skopje.gov.mk, а печатена форма ќе може да се подигне во просториите на Секторот за локален економски развој.

Секој апликант може да поднесе само една пријава по објавен јавен повик.

**Член 8**

Потребната документација, апликантите ја поднесуваат, преку Архива на Град Скопје секој работен ден или преку пошта на адреса: бул Илинден бр.82,1000 Скопје. Документацијата се доставува во затворен плик со назнака: До Сектор за локален економски развој – Пријава за Јавен повик.

Архивата на Град Скопје, примените пријави ги евидентира со точно време на поднесување (датум, час и минута).

**Член 9**

Потребна документација која апликантот треба да ја достави треба да содржи:

- Пополнета пријава со печатни букви на кирилично писмо, потпишана од надлежното лице и заверена со печат на апликантот;
- Тековна состојба од Централен Регистар на Република Северна Македонија или Решение за регистрација на правното лице;
- Потпишана изјава за подмирени обврски кон Град Скопје (данок, комунална такса);
- Потврда дека нема забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство (Централен регистар на Република Северна Македонија);
- Изготвен предлог-проект со печатни букви на кирилично писмо;
- Пополнет финансиски план со печатни букви на кирилично писмо.

**Член 10**

Апликантите, во прилог треба да ја достават и следнава придружна документација:

- професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот или манифестацијата;
- професионално портфолио - опис за организациско искуство и вештини;
- најмалку две мислења/референци од партнери или донатори за реализација на претходни проекти;
- писмена поддршка од други организации или институции за кои е планирано да земат учество во реализацијата на проектот или манифестацијата, и
- маркетинг план на настанот.

## V. ОСНОВНИ И ПОСЕБНИ КРИТЕРИУМИ

**Член 11**

Секој јавен повик треба да ги содржи основните критериуми содржани во овој член, додека посебните критериуми и услови за секој настан, фестивал, манифестација, активност ,проект што треба да бидат организирани/реализирани се утврдени во прилог на овој Правилник.

Настаните, манифестациите, активностите и проектите за реализација на истите ќе се вреднуваат според следните основни критериуми: со 1 бод, со 5 бода или 10 бодови, со следното значење: 1 бод - незадоволува, 5 бода - делумно задоволува и 10 бода - во потполност ги задоволува критериумите, пропишани во Правилникот, со тоа што се земаат во предвид пријавите со над 50 бода и тоа за :

- апликантот има потребна организациска структура и човечки ресурси за реализација на настанот, фестивалот, манифестацијата, активноста /проектот (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица, итн.);
- апликантот располага со логистика (канцелариски простор и техничка опрема за реализација на настанот/фестивалот/манифестацијата активноста/проектот);
- видливост на апликантот online;
- детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на настанот/фестивалот/манифестацијата/активноста/проектот;
- апликантот обезбедува процент на сопствено учество во остварување на проектот;
- реален финансиски план (описот на трошоци по категории и позиции да соодветствува со пазарните цени);
- јасна и соодветна определена општа цел на предлог - проектот која ќе придонесе кон реализација на дадените приоритети од Програмата на активности од областа на локалниот економски развој на Град Скопје за тековната година;
- понудени квалитетни и иновативни решенија во предлог - проектот;
- обезбедена вклученост на други институции и организации;

- предлог - проектот за спроведување на настанот, фестивалот, манифестацијата, активноста, проектот е јасен и остварлив.

Критериумите не се исполнети кога апликантот освоил помалку од 50 бодови или 50 бодови.

**Член 12**

За утврдување на исполнување на критериумите за доделување на финансиски средства од член 1 на овој Правилник, Градоначалникот на Град Скопје ќе формира Комисија за спроведување на секој поединечен јавен повик.

Комисијата е составена од претседател, заменик претседател, 2 (двајца) членови и нивни заменици.

Комисијата има задача да ја спроведе постапката, да ги разгледа и евалуира пристигнатите пријави заради утврдување на исполнувањето на предвидените услови и критериуми по објавените јавни повици за доделување на финансиски средства.

**Член 13**

По објавување на поединечните јавни повици, претседателот на комисијата свикува состанок на кој се разгледуваат пристигнатите пријави во однос на тоа дали ја содржат потребната документација.

За текот на одржаниот состанок комисијата води записник. Во записникот, комисијата констатира дали пријавите се навремени и комплетни и ги исполнуваат критериумите утврдени во прилог на правилникот.

За пријавите кои се комплетни, навремени и ги исполнуваат критериумите согласно член 11 и критериумите утврдени во прилог на правилникот, комисијата дава предлог за доделување на финансиски средства на апликантите до Градоначалникот на Град Скопје .

Пријавите кои се некомплетни, ненавремени и не ги исполнуваат критериумите согласно член 11 и критериумите утврдени во прилог на правилникот, комисијата ги отфрла со заклучок.

Предлогот за доделување на финансиски средства го потпишува претседателот на комисијата и го доставува до Градоначалникот на Град Скопје .

**Член 14**

Градоначалникот на Град Скопје, по предлог на комисијата во рок од 15 дена од денот на донесување на предлогот, донесува решение за доделување на финансиски средства.

Град Скопје, преку Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор со апликантот на проектот кој ги исполнува условите согласно јавниот повик и критериумите за избор на предлог- проекти.

По реализација на предметот од договорот, корисникот до Град Скопје поднесува наративен извештај, спецификација на трошоци и финансиска документација за реализација на предметот на договорот.

Доколку корисникот, не достави наративен извештај, спецификација на трошоци и финансиска документација за реализација на проектот кој е предмет на договорот или

пак достави некоплетни наративен извештај, спецификација на трошоци и финансиска документација за реализација на проектот кој е предмет на договорот, Град Скопје еднострано ќе го раскине договорот и нема да ги исплати доделените финансиските средства согласно решението.

Комисијата писмено ги известува апликантите, чии пријави се отфрлени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат критериумите утврдени согласно член 11 и критериумите утврдени во прилог на правилникот.

Комисијата писмено ги известува апликантите, доколку се поништи јавниот повик и не се донесе решение за доделување на финансиски средства.

**Член 15**

Град Скопје може да поништи јавен повик доколку:

- не е пристигната ниту една пријава;
- пријавите кои се пристигнати не ги исполнуваат условите утврдени согласно член 11 и критериумите утврдени во прилог на Правилникот;
- не се донесе решение за доделување на финансиски средства во рок од 15 дена од денот на донесување на предлогот од Комисијата.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Град Скопје, преку Секторот за локален економски развој и Секторот за финансиски прашања води евиденција на сите пријави за јавните повици, согласно овој правилник и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Град Скопје.

**Член 17**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот со арх.бр.08-10467/1 од 25.09.2024 година.

**Член 18**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 08 - 775/1

26. 01. 2026 година

Скопје

Градоначалник на Град Скопје

Орце Ѓорѓиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT-SHKUP